Committed to Peace

forumZFD

# Кодекс на однесување на форумЗФД

## Вовед и цел

Во согласност со својата мисија и вредности, форум Цивилен мировен сервис (форумЗФД) е посветен на одржување на највисок степен на етичко однесување кај сите свои вработени. Кодексот на однесување се темели на нашите заеднички вредности и начелата утврдени во Статутот на здружението и Изјавата за мисијата на организацијата.

Целта на Кодексот на однесување е да создаде заедничко разбирање за начелата и правилата на однесување на форумЗФД кај сите свои вработени, промовирајќи доследни стандарди на однесување. Ги утврдува начелата и правилата за нашето етичко, социјално и правно однесување. Истиот е создаден за да обезбеди упатства и заштита на сите лица кои се вработени во и кои работат со форумЗФД, утврдувајќи го сето она што се смета за прифатливо професионално и етичко однесување.

Кодексот е дизајниран како упатство, но не ги опфаќа сите можни ситуации со кои можат да се соочат вработените. Секогаш кога вработените имаат сомнеж во врска со прашањата опфатени со Кодексот, треба да разговараат со нивните претпоставени преку применливите доверливи начини за пријавување, како што се непосредниот раководител, лицата за контакт задолжени за спроведување на Општиот закон за еднаков третман на вработените[1], работничкиот совет или застапувачите на интереси.

## Опсег

Овој Кодекс на однесување се применува за сите вработени лица со договор, без оглед на видот на нивниот договор, обемот на нивните одговорности и местото на вработување. Кодексот е применлив за локалниот и странскиот персонал, вработените со полно и скратено работно време, привремениот персонал, најмените работници, како и за

[1] Општиот закон за еднаков третман на вработените е германски закон кој има за цел да спречи и елиминира дискриминација врз основа на расно или етничко потекло, пол, религија или верување, посебни потреби, возраст или сексуален идентитет. За да се постигне оваа цел, лицата заштитени со овој Закон имаат право на правни побарувања од работодавците и приватните лица доколку тие ги прекршат законските забрани за дискриминација.

волонтерите, стажантите, консултантите и надворешните соработници, вработени во и кои работат со форум Цивилен мировен сервис.

За целите на овој документ, лицата наведени погоре, во натамошниот текст се нарекуваат „вработени“.

Членовите на органите на Здружението на форумЗФД, (Надзорен одбор и Извршен одбор), како и управата на компанијата со ограничена одговорност форумЗФД и Извршниот одбор на фондацијата форумЗФД, мораат да се придржуваат до овој Кодекс на однесување.

Кодексот на однесување се применува ширум светот.

Признавајќи дека локалните закони и култури значително се разликуваат, форумЗФД е меѓународна невладина организација и затоа Кодексот на однесување е изготвен врз основа на меѓународните стандарди. Вработените во форумЗФД, без оглед на местото каде што работат, се должни да ги почитуваат локалните закони. Ако локалното законодавство утврдува построги обврски од оние наведени во Кодексот на однесување, тогаш локалното законодавство преовладува.

Кодексот се применува додека вработените се на должност, но и надвор од работното место и надвор од работното време, доколку може да се воспостави врска меѓу вработените и дејноста на форумЗФД

Во поединечни случаи, Кодексот на однесување може да биде дополнет со прилози кои се неопходни заради локалниот контекст. Овие прилози мора да бидат наведени како анекси и да се доставаат до Извршниот одбор пред нивното усвојување.

## Спроведување

Кодексот на однесување е дел од сите договори за вработување или од условите за вршење на услуги засновани на надомест. Кодексот на однесување им е даден и објаснет на сите вработени пред да започнат со работа.

Сите вработени мора писмено да потврдат дека го прочитале и разбрале Кодексот на однесување, дека ќе ги почитуваат сите правила на однесување и дека признаваат дека усогласеноста со овој Кодекс на однесување е услов за нивно вработување или назначување.

Одделот за човечки ресурси е одговорен да осигура дека Кодексот на однесување се спроведува, следи и оценува на редовна основа. Управата на форумЗФД треба да даде пример за однесување со интегритет. Во седиштето, раководителите треба да бидат сигурни дека нивните вработени го разбрале и потпишале Кодексот на однесување; во однос на програмите, оваа задача треба да ја спроведат директорите назначени за одделни земји и регионалните директори.

Кодексот на однесување е јавен документ. Сите партнери на форумЗФД треба да бидат информирани за нашиот Кодекс на однесување во случај кога се согласни да склучат Меморандум за разбирање со нашата организација.

## Кодекс на однесување

## Начела на однесување на форум Цивилен мировен сервис (форумЗФД)

### 1. Посветеност на мирот и ненасилството

Ќе осигурам дека моето однесување е во согласност со вредностите на форумЗФД. Ќе ги почитувам човековите права и човечкото достоинство и ќе постапувам во согласност со основната премиса на ненасилство.

Со моите постапки и ставови, ќе ги поддржувам начелата на родова еднаквост, инклузија, социјална правда и солидарност. Свесен сум дека насилството и војната не се компатибилни со горенаведените вредности и затоа нема да се вклучам во каква било активност или вид на однесување што ги користи овие средства.

Ќе се трудам најдобро што можам да ја заштитам животната средина и да работам на одржлив начин.

Поддршка на конструктивната ненасилна трансформација на конфликти

Како вработен во форумЗФД, посветен сум на праксата на ненасилна трансформација на конфликти. Ќе се воздржам од каква било форма на насилство врз луѓето и природата, притоа свесен за суптилните форми на насилство во социјалните односи, употребата на говорот и однесувањето. Сметам дека конфликтите не се само ризик за нарушување на односите, туку се и дел од процесот на учење и можност за позитивни промени. Во согласност со целите и начелата на форумЗФД, ќе настојувам да се справам со конфликтите во рамките на организацијата на конструктивен начин.

Работа со партнери

Одржливите мировни структури мора да бидат создадени и поддржани од самите актери во конфликтните области. Затоа, ќе работам заедно со локалните партнери и актери на еднаков и фер начин, врз основа на меѓусебна доверба.

### 2. Како се однесувам кон луѓето

Начело на недискриминација

Како вработен во форумЗФД, посветен сум на поддршка на вредноста на различноста и недискриминацијата во сите мои работни обврски и задачи. Ќе го почитувам правото на еднаквост на сите, со посебен фокус на ранливите групи и групите чувствителни на трауми. Ќе придонесам за професионално работно опкружување кое се карактеризира со взаемно почитување, интегритет, достоинство, различност и недискриминација. Ќе се воздржам од поддршка на сите можни форми на дискриминација на структурите на моќта.

Ќе осигурам дека моите односи и моето однесување не се експлоататорски или навредливи на кој било начин.

Ќе ги почитувам сите права на луѓето, вклучително и правата на децата.

Ќе работам со луѓето на чувствителен и недискриминаторен начин во однос на нивната етничка припадност, социјално потекло, боја на кожа, националност, религија или поглед кон светот, кодекс на облекување, синдикална активност, култура, образование, брачен статус, посебни потреби, возраст, полова ориентација, родов идентитет или други одлики на разликување.

Ќе се воздржам од каква било и секаква дискриминација, како и од вознемирување и малтретирање или упатување на несоодветен, насилен или навредлив говор кон другите лица.

Почитување на културата и обичаите

Ќе настојувам да ги разберам и да ги почитувам културните норми во оние места каде што работи форумЗФД и на колегите и заедниците со кои работам – само ако истите не ги повредуваат човековите права и не дискриминираат делови од населението.

### 3. Начело против вознемирување и расна дискриминација

форумЗФД не толерира никаква форма на вознемирување.

Вознемирувањето се однесува на какво било несакано однесување што се случува со цел или како резултат на нарушување на достоинството на некоја личност и создавање на застрашувачка, непријателска, деградирачка, понижувачка или навредлива средина.

форумЗФД го смета вознемирувањето поврзано со етничката припадност, социјалното потекло, бојата на кожа, националноста, религијата или погледот на светот, кодексот на облекување, синдикалната активност, културата, образованието, брачниот статус, посебните потреби, возраста, сексуалната ориентација, родовиот идентитет или другите одлики на разликување за форма на дискриминација.

Нема да направам никакво дело или форма на вознемирување, ниту да се вклучам во какво било однесување, намерно или ненамерно, што ќе направи лицето кон кое е насочено таквото дело или однесување да се чувствува дека е прогонето, ранливо или немоќно.

Нема да учествувам во каква било форма на сексуално вознемирување, сексуална злоупотреба или сексуално искористување и нема да го толерирам тоа од колегите, ако видам таква форма на однесување од нивна страна.

Сексуалното вознемирување се дефинира како секое однесување од сексуална природа што влијае на достоинството на лицето, кое се смета за несакано, неприфатливо, несоодветно или навредливо за лицето кон кое е насочено таквото однесување или што создава застрашувачка, непријателска, нестабилна или навредлива работна средина. Истото може да биде физичко, вербално и невербално. Може да вклучува, но не ограничувајќи се само на, несакан физички контакт или несакани додворувања или барања од сексуална природа.

## 4. Интегритет и углед на форумЗФД

Заштита на интегритетот и угледот на организацијата

Го поддржувам интегритетот и угледот на форумЗФД и затоа ќе осигурам дека моето однесување нема да им наштети на вредностите и начелата на работа на форумЗФД утврдени во Изјавата за мисијата.

Односи со јавноста и медиумите

Ќе го почитувам кодексот за односи со јавноста и упатствата за социјални медиуми на форумЗФД секогаш кога ќе работам со медиумите и на надворешната комуникација во име на форумЗФД. Ќе водам сметка за начелата „Не прави штета“ и „Чувствителност на конфликти“ во целата комуникација.

Прво и најважно, нема да ширам никаква содржина или коментари кои би можеле да го загрозат угледот и сепартизацијата на работата на форумЗФД или кои би можеле да предизвикаат штета на вработените, партнерските организации или заедниците на кој било начин.

Секогаш внимателно ќе постапувам со информациите и изјавите во однос на партнерите, колегите, финансиските органи и донаторите. Интерните прашања се предмет на доверливост и истите не треба да бидат јавни.

Свесен сум и имам предвид дека приватните изјави и објавите на социјалните мрежи, особено во конфликтни ситуации, можат да бидат поврзани со организацијата.

## 5. Постапување при судир на интереси

Судири можат да се појават меѓу моите лични интереси и интересите на форумЗФД или интересите на нашите партнери и целни групи во врска со мојата работа. Ќе бидам транспарентен во врска со потенцијалните судири на интереси и веднаш ќе го известам и ќе разговарам за истите со мојот непосреден раководител. Ќе ги решавам судирите на начин кој може да се провери и кој е разбирлив за сите вклучени страни.

Ќе бидам внимателен во ситуациите во кои личните интереси би можеле да бидат очигледно спротивни на интересите на форумЗФД. Во случај на каков било сомнеж, ќе разговарам за истиот со мојот соодветен непосреден раководител.

Ќе бидам многу чувствителен за мојата сопствена позиција во структурите на моќта и нема да ја злоупотребувам на кој било начин во контекст на мојата работа, во рамките на форумЗФД како целина, како и во однос на моите партнери и контекстот на мојата работа.

## 6. Доверливост / Користење на податоци и информации / Користење на ресурси

Ќе постапувам со дискреција секогаш кога ќе работам со чувствителни или доверливи информации за време на, но и по моето вработување во форумЗФД. Ќе осигурам пристап до сите информации и сметководствени системи на форумЗФД и ќе ги заштитам сите податоци кои се релевантни за работата на форумЗФД.

Чувствителните информации можат да вклучуваат, но не се ограничени само на, лични податоци, информации за партнери, информации кои се експлицитно означени како доверливи, финансиски податоци, договори и стратешки документи. Кога ќе се посомневам дали некоја информација е чувствителна или не, ќе се консултирам со мојот непосреден раководител пред истата да ја споделам.

Ќе собирам, користам и обработувам информации, особено лични податоци, на доверлив начин и само како што дозволува законот и за потребите за работата на форумЗФД.

Ќе поднесувам соодветно сметка за сите средства и имот на форумЗФД (на пример возила, канцелариска опрема, сместување обезбедено од форумЗФД, компјутери, вклучувајќи употреба на интернет, електронска пошта и интранет).

Ќе ги користам ресурсите на организацијата на одговорен начин, земајќи ги предвид критериумите како важност, ефективност, ефикасност и одржливост на животната средина.

Нема да ја користам опремата за работа обезбедена од форумЗФД за активности што се спротивни на законите или Кодексот на однесување на форумЗФД. Ова ги вклучува сите видови на вознемирување, заплашување и деградирање, како и прегледување, складирање, обработка, пренос и размножување на дискриминаторски или порнографски датотеки.

## 7. Давање и примање подароци / Измама, корупција и непотизам

Ќе придонесам за организациска култура на доверба и правичност и активно ќе се спротивставам на корупцијата[2].

---

[2] Корупцијата овде се дефинира „како злоупотреба на доверена моќ за приватна корист“ (Извор: Транспаренси Интернешнл. https://www.transparency.org/en/what-is-corruption)

Оттука, нема да се занимавам со каква било форма на корупција. Нема да нудам, ветувам, давам или примам мито, вклучувајќи подароци или други предности во замена за лични или професионални придобивки.

Ако давањето и примањето подароци е стандардна локална пракса, ќе осигурам дека подароците се во границите на разумните процени и не го надминуваат износот од 30 Евра. Во секој друг случај, ќе побарам дозвола од непосредниот раководител, кој е исто така одговорен за да одлучи дали подарокот треба да му се предаде на форумЗФД или не.

Нема да разменувам понуди за вработување, вработување, стоки или услуги за секс или сексуални услуги, ниту какви било други форми на понижувачко, деградирачко или експлоатирачко однесување.

При ангажирање на персонал, набавка на стоки и обезбедување пристап до услугите, ќе постапувам со соодветно внимание и на транспарентен начин.

Нема да користам измама, непотизам или проневера за да стекнам лична или професионална предност. Ќе пријавам каков било сомнеж за измама, непотизам или корупција преку веќе споменатиот воспоставен систем за интерно пријавување.

## 8. Употреба на оружје

Во никој случај нема да поседувам или да ракувам со оружје, експлозивни материи или муниција.

Нема да користам вооружени лица за обезбедување освен ако не ми биде одобрена дозвола за тоа од страна на членот на Одборот за програми и квалификации.

Ќе осигурам дека нема да ме идентификуваат на кој било начин со воените или другите безбедносни сили.

Нема да поддржувам, директно или индиректно, насилни активности во кое било време, доколку знам за истите.

Ќе ги следам Упатствата за безбедност на форумЗФД и Локалниот план за безбедност во мојата работна средина.

## 9. Злоупотреба на алкохол, дрога, нелегални супстанции

Нема да работам под дејство на нелегални супстанции. Нема да управувам со возила под дејство на алкохол или која било друга дрога. Забрането е поседување, дистрибуција и употреба на нелегални супстанции во работните простории или на работното место.

## Пријавување на повреди на Кодексот на однесување

форумЗФД ги охрабрува своите вработени да ги пријават сите сомнителни повреди на овој Кодекс на однесување. Целта на пријавувањето и следењето на можните повреди е да се поддржат вредностите утврдени во Кодексот на однесување, со цел да се создаде и одржува заедничко разбирање за начелата и организациската култура на форумЗФД.

Пријавите за повреда можат да се спроведат следејќи ја интерната постапка за пријавување. Детален опис на постапката може да се најде во Анексот кон овој документ.

## Поврзани документи

- Изјава за мисијата на форумЗФД
- форум Цивилен мировен сервис - Статут на асоцијацијата
- Упатства: Финансиска одговорност, орган за потпис, покритие за отсуство (интерен документ)
- Политика за управување со безбедносни ризици (интерен документ)
- Упатства за социјални медиуми за вработените во форумЗФД во Германија и во странство (интерен документ)
- Кодекс за односи со јавноста на форум Цивилен мировен сервис (форумЗФД) (интерен документ)
- Договор за работа: регулатива за застапување на интересите на вработените во програмите на форумЗФД во странство (интерен документ)
- Постапка за жалби според Општиот закон за еднаков третман на вработените - Информации за вработените (интерен документ)
- Интерна постапка за пријавување на повреди на Кодексот на однесување на форумЗФД (интерен документ)